...ОНИЈА
...ВЕЛЕС
08-4807/1
23-11-2023год.

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 124/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и "Службен весник на РСМ" 89/22, 171/22), Градоначалникот на Општина Велес, на ден 20.11.2023 година донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ изработка на Детален урбанистички план за дел од УБ 56 и дел од УБ 57, во УЕ 11, Општина Велес, Конечен предлог план – Плански период 2020-2025 Општина Велес, кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20 и 111/23), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Велес www.veles.gov.mk

- Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, за планскиот документ нема да има влијание врз животната средина од следните причини:
- На просторот кој што е предмет за изработка на овој Детален урбанистички план, според ГУП на Град Велес, одлука бр.0701-2035/2 од 30.05.2006год. и Измена и дополнување на основна сообраќајна мрежа на Град Велес, одлука бр.0-4887/1 од 07.10.2008год. со кои се предвидува основна намена: А1-Домување во станбени куќи;
- Вкупна површината на планскиот опфат изнесува 9.14ха.
- Местоположбата на локалитетот во однос на сообраќајниот систем спаѓа во простор што има добра сообраќајна врска.
- Позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и економски ефект.
- Во моментот на овој локалитет како намена веќе егзистира зоната на домување.

3. Со планскиот документ се планира реализирање на проект што не е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба преку овој орган до Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на животна средина и просторно планирање, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната.

Со почит,

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА ВЕЛЕС

Изработил: Даниела Петковска
Контролирал: Роза Здравева
Одобрил: Петре Цилаков

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот докумет | Детален урбанистички план за дел од УБ 56 и дел од УБ 57, е УЕ 11, Општина Велес, Конечен предлог план – Плански период 200-2025 Општина Велес |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Одделение за урбанизам - Општина Велес |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Градоначалник на Општина Велес |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Биљана Тасева, дипл.инж.арх<br>Друштво за проектирање трговија и инженеринг ДООЕЛ Велес<br>УРБАН ПРОЕКТИНГ |
| Назив на работното место | Урбанистички планер |
| Контакт податоци за лицето | ДПТИ" УРБАН ПРОЕКТИНГ" ВЕЛЕС<br>ул. Никола Оровчанец бр.1 Велес,<br>Тел: 070/222-848 |

**Основни податоци за планскиот документ**

Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)

Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20 и 111/23) и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот. Како појдовна точка во изнаоѓање на концепцијата на решението на овој Детален урбанистички план за дел Просторот дефиниран за изработка на Детален урбанистички план за дел од УБ 56 и дел од УБ 57, во УЕ 11, Општина Велес, Предлог план – Плански период 2020-2025, ограничен со линија на плански опфат кој се движи по осовини на планирани улици по претходен ДУП и коритото на река Вардар. Концепцијата на решението произлегува од постојната состојба и увидот на лице место.

Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?

Да☒
Не☐

Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?

Планскиот опфат не е третиран со друга урбанистичка планска документација.

Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.

Да, за просторно и урбанистичко планирање со донесување на Детален урбанистички план

Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да ☐<br>Не ☒ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |

Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.

Не.

Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.

Да, планот е со мала површина која изнесува 9,14ха.

Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.

Потреба од изработка на оваа планска документација на Детален урбанистички план за дел од УБ 56 и дел од УБ 57, во УЕ 11, Општина Велес, Предлог план – Плански период 2020-2025 е усогласување на површината за градење и максималната висина на градбата со стандардите и нормативите за урбанистичко планирање. Од вкупната зададена површина во графичкиот прилог, согласно Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање Сл. весник на РМ, бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16).

Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)

Планирање на просторот

Период за донесување на планскиот документ.

5г.

Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?

| |
|---|
| 5г. |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро да се прикачи мапа) |
| За Деталниот урбанистички план за дел од УБ 56 и дел од УБ 57, во УЕ 11, Општина Велес, границата на планскиот опфат започнува, од северо-источна страна по осовина на ул. Благој Ѓорев до најјужна точка од каде опфатот поминува кон запад по граници на катастарски парцели, продолжува кон север по оска на ул Станбена 2, па по граница на катастарски парцели се до ул. Станбена 1 и ул. Станбена 6 кон север, па кон исток до ул. Пристапна 8, од каде се спушта кон југ до крајната точка по оски на ул.Станбена 7 и ул. Сервисна 2. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☒<br>Не ☐ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуки дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Планскиот документ нема новодефинирани намени и со постојната инфраструктура нема да има дополнителни влијанија врз животната средина од причини што при анализа на постојната состојба се констатира дека планскиот опфат како намена веќе егзистира зоната на домување со станбени куќи и комунална супраструктура-хидротехничка инфраструктура, сообраќајна и комунална инфраструктура, електро енергетика и ПТТ инсталации. Планскиот концепт е во директна зависност од природните фактори, посебно од конфигурацијата на теренот и од можностите за просторна композиција, односно естетско обликување на просторот. Одрживиот развој е еден од принципите врз кој е поставен планскиот концепт. Во просторната организација на едно урбано подрачје потребно е да се вградат минатото, сегашноста и иднината, а тоа диктира создавање на населба за задоволување на животните и општествените потреби на населението, обезбедување на заштита од бучава и прашина со широко отварање према околниот пејсаж, зеленило и сонцето. За задоволување на хигиено-здравствените услови, градбите ќе бидат поволно поставени во однос на инсолацијата и проветрувањето. Растојанието меѓу градбите ќе овозможи поволна ориентација према намената, а слободните површини од градежната парцела ќе се користат за зеленило. Целта на планскиот концепт е да изврши хармонизација на просторните природни услови и предвидената градба во функционална целина со естетска препознатливост. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата; | Времетрањето на влијанијата врз животната средина се краткотрајни само во фаза на изградба на објекти, со мал интензитет заради природата на дејностите кои се одвиваат во нив. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Не се очекуваат значајни влијанија врз животната средина , животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на проектни содржини - домување и инфраструктура не спаѓаат во група на директни загадувачи на животната средина , животот и здравјето на луѓето. |
| Прекуграничната природа на влијанијата; | Нема. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Во планскиот опфат се предвидени објекти со намена домување во станбени куќи, при што не се употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра, а на третираниот плански опфат опфатени се потребните превентивни мерки за заштита и спасување од пожари со планираните урбанистички решенија во плански опфат и |

<table>
<tr><td></td><td>превидената примена на техничките нормативи при понатамошната фаза на проектирање и изграда на планираните објекти во истиот.</td></tr>
<tr><td>Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).</td><td>Планскиот опфат за кој се изработува Детален урбанистички план за дел од УБ 56 и дел од УБ 57, во УЕ 11, Општина Велес, е со површина 9,14ха и е наоѓа во западниот дел од градот.На површина на предметниот плански опфат која изнесува 9.14х, врз база на вкупна изградената површина од 90581m2 станбен простор, просечната густина и просечен број на членови во домаќинство од 3,5 члена планирани се 819 жители и 234 домаќинства. Бруто густината на жители на хектар изнесува 90ж/ха, со што се надминува бројката дадена со ГУП на Град Велес од 29.03ж/ха, каде бројката е нереална и истата е помала од бројот на жители што веќе егзистира на предметниот плански опфат од 422 жители и 46ж/ха бруто густина.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Изведбата на планскиот опфат ќе овозможи позитивни ефекти со својата функционална содржина врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација , комплетна уреденост на просторот со што се овозможуваат услови за урбанизација.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Не се очекува.</td></tr>
<tr><td>Посебни природни карактеристики или културно наследство</td><td>Со увид на теренско снимање не се евидентирани заштитени добра од културно и историско значење, како и добра за кои се претпоставува дека претставуваат културно и градителско наследство. Доколку при реализација на урбанистичкиот план се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита и културно наследство<br>(Сл.весник на Р.Македонија бр. 20/04 115/07 и 8/11).</td></tr>
<tr><td>Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности</td><td>Не се очекуваат. Тие ќе бидат следени од страна на надлежни органи.</td></tr>
<tr><td>Интензивна употреба на земјиштето</td><td>На површината на предметниот плански опфат Детален урбанистички план за дел од УБ 56 и дел од УБ 57, во УЕ 11, Општина Велес, Конечен предлог план – Плански период 2020-2025, кој е</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | составен од два урбани блока со (УБ 56 и УБ 57) со вкупно 197 градежни парцели од кои:<br>-190 градежни парцели се со намена А1-домување во станбени куќи;<br>- 1 градежна парцела е со намена Б1-мали комерцијални и деловни намени;<br>- 6 парцели се со намена Е2-комунална супраструктура (телекомуникациски столб и трафостаници). |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Не се евидентирани. |

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:

Со Деталниот урбанистички план се дефинира намената на земјиштето во планскиот опфат во кој се дефинирани услови за градење во планскиот опфат.
Изградба на новопредвидени градби во рамките на површините за градба, доградбите, надградбите, реконструкциите и адаптациите на постојните градби, исто така во рамките на површините за градба, ќе се вршат во согласност со условите за градба и одобрената урбанистичко- техничка документација од надлежниот орган, базирана на законската и подзаконска регулатива во областа на урбанизмот, заштита на животната средина и техничките прописи во градежништвото.

Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):

Во зоната се потврдуваат постоечките објекти на комунална супраструктура и објекти за домување станбени куќи. Во дефинирање на просторната организација на планот важно е дефинирање на сообраќајната мрежа, потребите за енергија, водоснабдување, одведување на урбани отпадни води преку почитување на законската регулатива. Во рамките на просторната организација на планот, изградба на новопредвидени градби во рамките на површините за градба, доградбите, надградбите, реконструкциите и адаптациите на постојните градби, исто така во рамките на површините за градба, ќе се вршат во согласност со условите за градба и одобрената урбанистичко- техничка документација од надлежниот орган, базирана на законската и подзаконска регулатива во областа на урбанизмот, заштитата на животната средина,техничките прописи во градежништвото.

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:
(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)

Со донесување на планот ќе се обезбеди повисока организација на просторот инфраструктурна доопременост, а со негово имплементирање не се очекуваат значајни влијанија врз животната средина.

Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.
(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забава неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)

Не се очекуваат значајни еколошки проблеми затоа што согласно ДУП се редедени инфраструктурните инсталации и семејни куќи. Влијанието врз животната средина се однесуваат на правилно управување со отпадот и одведување на урбаните отпадни води, но тие се опфатени во воспоставениот систем за управување со отпад и отпадни води на ниво на Општина Велес.Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела. Процентот на озеленетост во рамките на градежната парцела да изнесува минимум 20%, како услов за максимална изграденост на објектот. Локалитетот према местоположбата во однос на сообраќајниот систем спаѓа в простор што има релативно добра сообраќајна врска, која е потребно да се развива и дооформува. Сообраќајницата и пристапот се така планирани да овозможув несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот. Во границите на планскиот опфат има примарна улична мрежа и секундарна улична мрежа поставени почитувајќи го постојниот ГУП за предметниот плански опфат и постојната состојба со структура на сообраќајни профили според пропишаните за ваков вид на сообраќајници. Водоснабдувањето на постојните и новопланираниоте објекти во локалитетот ќе се врши преку постојната и планираната водоводна мрежа, кој претставува дел од Градскиот водоводен систем. Одведувањето на фекалните и отпадните води од локалитетот ќе се врши преку каналска мрежа, која преставува дел од градскиот канализационен систем. Планираната атмосферска канализација е усогласена со нивелационото решение на уличнатамрежа, а ќе ги евакуира отпадните атмосферски води од кровните површини на објектите, од површините на улиците, зелените површини. Кабловското напојување со среднонапонска и нисконапонска ел. мрежа ќе се определи во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка на идејни и главни проекти за електрична мрежа од страна на стручните служби на ЕВН. На планскиот опфат се планираат две нови трафостаници во сопствена парцела.

Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/ плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.

Планскиот документ е во корелација со Просторниот план на РМ и во корелација со постоечкиот ГУП, околни (соседни) ДУП-ови.

Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оцена е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.

Нема спроведено претходна оценка.

| |
|---|
| Доколу потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценеа во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбдите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратеиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на посапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Сите ожни влијанија ќе се земат во предвид при реализација на планот, како и при издавње на одобренија за градење со обезбедување на услови за контрола на влијаијата. |

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |

| | |
|---|---|
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник на Општина Велес<br>Марко Колев |
| Датум 20.11.2023<br>Место Велес | М.П. |